Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 552/0306
02.12 2019 год
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28 ноември 2019 година, врз основа на примена жалба од Здружение „Доверба“ – Куманово, ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

**Телевизија Алфа, со прилогот насловен „Организирана група крадци со недели оперира во струшко Враништа“, не ги прекршила професионалните и етички стандарди**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 4 ноември 2019 година, Здружението „Доверба“ од Куманово поднесе жалба за прилогот со наслов „Организирана група крадци со недели оперира во струшко Враништа“, објавен на 3 ноември 2019 година, во информативното издание на „Телевизија Алфа“ (www.alfa.mk).

Во жалбата се наведува дека „ТВ Алфа“ го прекршиле принципот за заштита на деца и малолетници, односно дека во прилогот биле прикажани лица на две малолетни деца додека нивниот родител давал изјава за медиумот. Подносителот на претставката смета дека телевизијата имала обврска да го заштити идентитетот на децата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со „Телевизија Алфа“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Одговорниот уредник на медиумот, Искра Коровешовска, одговори на наводите на жалителот.

Коровешовска смета дека жалбата е неоснована, зашто, како што потенцира, целиот прилог, особено делот во кој се прикажани децата, е снимен исклучиво во согласност со родителот. Таа појаснува дека дозвола од родителот/говорник била побарана, и покрај тоа што додека давал изјава тој во раце го држел едното дете, а другото стоело до него.

*„Оттука, во согласност од родител, снимка од дете на кое животот може да му биде во опасност од дејанијата на крадците, а новинарите се во општествено одговорна функција да информираат за тоа – не е недозволено. Впрочем, овде не станува збор за дете жртва на некакво насилство, па и покрај тоа што родителот стои до него да мора да биде емитувано со заштитен идентитет, туку за нешто сосема друго“*, се вели во одговорот на „ТВ Алфа“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 28 ноември 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за прилог кој произлегува од јавниот интерес и пренесува информација за случај со зачестени кражби во струшкото село Враништа. Новинарскиот производ е професионален и етички, авторот веста ја заснова на неколку неповрзани извори, а прилогот ги содржи сите елементи кои нудат целосна и објективна информација.

Новинарот во сторијата пренесува ставови и на локални жители, меѓу кои се прикажани и две малолетни деца со откриен идентитет, на што, вусшност, реагира и подносителот на жалбата, Здружението „Доверба".

И покрај тоа што медиумите генерално треба да избегнуваат експлицитно прикажување на малолетници (лицата да им бидат замаглени), Комисијата, во случајов, не гледа прекршување на етичките стандарди и на начелата содржани во Конвенцијата на ОН за правата на детето. Самиот факт што таткото/соговорник доброволно прифатил да биде јавно интервјуиран во присуство на своите деца, само по себе, упатува на тоа дека родителот дал согласност неговите деца да бидат прикажани без заштитен идентитет. Во одговорот на жалбата, и „Телевизија Алфа" тврди дека побарала и добила согласност од родителот да бидат прикажани неговите две деца.

Во насока на тоа дека нема суштинско прекршување на етичкиот Кодекс, Комисијата го зеде предвид и фактот дека прикажаните деца во прилогот ниту се директно инволвирани во темата што се обработува, ниту се жртва на насилство, поради што би постоела опасност од јавно жигосување, изложување на траума или манипулирање со нивните чувства.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува „Телевизија Алфа" (www.alfa.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595